Почитувани родители,

Ја обработувавме вештината „Работа во група“. На часовите децата гледаа видео снимки на кои оваа вештина е прикажана низ неколку компоненети/правила, и ја применуваа вештината преку играње улоги.

Го споделуваме со Вас материјалот со компонентите за адекватно изведување на оваа вештина и социјална приказна, со цел да организирате вежбање надвор од училиштето.

Организирајте ситуации (игри или активности) во кои вашето дете ќе може да го примени она што го научило. Пред да вежбате примена на вештината „работа во група“ важно е предходно да ја прочитате социјалната приказна со вашето дете. Најдобро е да ја читате во ситуации кога детето е опуштено и расположено. Прво читајте ја приказната заедно, а потоа следете го детето додека чита самостојно.

Следно повторете ги правилата за споделување. Во таа прилика можете прво да го прашате детето дали ги запомнило правилата за добро работење во група, а потоа прегледајте го заедно визуелниот материјал со компонентите на вештината.

Потоа детето треба да ја примени вештината со различни партнери, и во различни околности. Оваа вештина може да се вежба во било која активност која бара соработка со два или повеќе партнери, кои може да бидат врсник или возрасен. На пример: некоја практична работа дома, рачна изработка, сложувалка, зедничко боење, изработување проектен постер и сл.

Ви благодарам на соработката,

[Вашето име]